Септември 2013 Бр.143

# FOREVER
MACEDONIA





## SUCCESS DAY

**28.09.2013**
**Хотел “Порта”**
почеток:
**19 часот**



## 2014
GLOBAL RALLY
LONDON
27 APRIL-5 MAY

# ЛОНДОН ВЕ ВИКА







# ЛОНДОН ВЕ ВИКА

**ДОПОЛНИТЕЛНА МОЖНОСТ ЗА СИТЕ ОД ЕВРОПА:**
**1 СЕПТЕМВРИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2013 Г.**

Заработете до €800 за патувањето до Лондон

## ПРВО НИВО

**Реализирајте вкупно 15 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

## ВТОРО НИВО

**Реализирајте вкупно 30 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€400

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 5 б. | Асистент Супервизор Мин. 5 б.

## ТРЕТО НИВО

**Реализирајте вкупно 60 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€800

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 10 б. | Асистент Супервизор Мин. 10 б.

**Стандардни барања за сите нивоа:**

Сите барања треба да бидат исполнети во период од 1-ви септември до 31-ви декември 2013 г. Дистрибутерите кои се регистрирани пред почетокот на квалификацијата, треба да бидат активни со 4 б. во секој од четирите месеци на квалификацијата. Нови дистрибутери можат да се квалификуваат, но треба да бидат активни во првиот полн месец на квалификацијата и во секој следен до крај на периодот. Ако новиот дистрибутер е регистриран во декември, тогаш тој треба да биде активен со 4 б. во тој месец. За дата на регистрација на дистрибутерот се смета датата на која молбата за регистрација ќе биде воведена во компјутерот на Централната канцеларија. За второ и трето ниво новоспонзорираните дистрибутери треба да реализираат минимален обрт, како што е опишано во шемите погоре. Квалификацијата е валидна само за дистрибутери во Европа. Сите екипи треба да бидат спонзорирани во земјата на живеење. Сите трошоци поврзани со посета на Глобалното рели, вклучително патни, храна и сместување се на терет на квалификантот. ФЛП не превзема одговорност за дистрибутери кои не се запознати или не ги разбрале правилата и барањата на квалификационата програма. Нема да бидат допуштени исклучоци. Наградите го вклучуваат единствено опишаното погоре. Тие кои ќе ги исполнат условите ќе бидат наградени само со посочените парични суми и влезниците за Глобалното рели, соодветни на постигнатото ниво на квалификација. Наградите не можат да бидат комбинирани. Квалификантите ќе бидат објавени пред 15 февруари 2014 г. Паричните суми ќе бидат исплатени на 15 март 2014 г. во денарска противвредност на посочените суми. За повеќе информации и прашања обратете се на Ген. директор на ФЛП Бугарија/Македонија. Наградите не може да бидат заменети.

**www.foreverglobalrally.com**
**Глобално рели на О2 арена – 2 и 3 мај 2014 г.**

FOREVER

## ОТКРИЈТЕ ЈА СКРИЕНАТА СИЛА

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Успехот во нашиот бизнис во голем дел зависи од нашата способност да го откриваме потенцијалот кај другите. Независно во колку тешка ситуација се наоѓа човек, тој може да ја надмине ако е решен за промена и има кој да го насочи. Некои од најголемите лидери во компанијата биле откриени од дистрибутери кои ја почувствувале нивната внатрешна сила и потенцијал за успех. Во многу случаи, дури и кога луѓето не веруваат во себе, им треба мала инспирација и поткрепа од некој кој верува во нив. Водечките дистрибутери во Форевер се специјализирале да ја откријат скриената сила кај другите. Луѓето се непредвидливи и вистински можат да ве изненадат. Не можете да предвидите кој ќе биде вашиот следен Менаџер „Орел".

Сето ова ме потсети за приказната за лавот и глушецот. Една ноќ глушецот решил да го разбуди лавот. Лавот ги отворил очите и се заканил дека ќе го изеде. Во замена за својот живот глушецот му предложил на лавот да му помогне некогаш. По неколку години лавот бил фатен од група ловци и заврзан за едно дрво. Глушецот случајно минувал наблизу и го одржал ветувањето – го прегризал јажето и го ослободил лавот. Никогаш не се знае кој ќе допринесе за вашиот иден успех. Никогаш не го потценувајте потенцијалот на другите. Охрабрете ги, обучете ги и најважното – сметајте ги на рамни на себе.

Да ви раскажам уште една историја, која ќе ви биде поблиска на мнозина од вас. Дистрибутер, кого тука ќе го наречеме Џон, веќе извесно време се тревожел од каде да најде пари, за да им обезбеди на децата квалитетно образование. Една вечер кога се вратил од работа, му се јавил еден стар пријател и сосед со кого не разговарале со години. Човекот објаснил дека во последно време често си мислел на Џон и семејството, заради старото пријателство и поддршката која му ја давале во неговите тешки периоди. Му раскажал на Џон за бизнис можностите на Форевер и колку тие го промениле неговиот сопствен живот. Џон го послушал, станал дел од Форевер и само по шест месеци животот драстично му се променил. Трудот и одлучноста му се исплатиле и тој станал Менаџер. Веднаш започнал да штеди за образованието на децата. Џон бил бескрајно благодарен на стариот пријател за споделената можност која му го променила животот ЗАСЕКОГАШ!

Дали мислите дека ако Џон не бил добар и грижлив сосед, човекот би му се јавил за да ја сподели со него Форевер можноста? Очигледно е дека тој видел во Џон потенцијал за големи постигнувања. Не можете да претпоставите кој ќе ви помогне во иднина или како вашата врска со некого може да се промени на најмалку очекуван начин. Затоа, кога се среќавате со нови соработници, секогаш запомнете дека соговорникот може да има нешто кое самиот тој сé уште не го видел– голем потенцијал. Како што вели Џон Диксон: „Вистинската сила на ефективното лидерство е да го развиеш полниот потенцијал на луѓето, што сигурно значи и да ги признаваш и наградуваш нивните постигнувања." Ве поздравувам што успевате да ја откривате силата кај другите и така го градите следното поколение лидери во семејството на Форевер!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## БАЛАНС ПОМЕЃУ ДЕЈСТВИЈАТА

Драги пријатели,

Успехот и совршенството се резултат од планирани секојдневни чекори. Натрупувањето на мали постигнувања води кон големиот успех. Бизнисот со Форевер ќе се развива единствено тогаш, кога многу добро знаете кои точно активности ви ги даваат очекуваните резултати. Обрнете внимание на клучниот збор – РЕЗУЛТАТИ. Сите вие сте во Форевер од различни причини. Еден сака побрзо да ги исплати долговите, друг сака да има дом или автомобил од соништата, трет сака да биде финансиски независен за да не треба да работи по 10-12 часа дневно за друг итн. Независно какво е вашето лично „зошто", сите ваши мечти ќе станат реалност, само кога ќе постигнувате РЕЗУЛТАТИ во форма на постојано растечки бонуси и приходи од вашата мрежа од дистрибутери и клиенти.

Најопшто кажано активностите кои водат до очекуваните резултати во бизнисот со Форевер, спаѓаат во три категории. Тие се: **реализација на производи**, **спонзорирање** и **градење на мрежа**. Трите се тесно поврзани помеѓу себе и секоја води кон следната. На пример, Вие најчесто спонзорирате луѓе кои пред тоа сте ги запознале со производите, а помеѓу спонзорираните ги откривате оние кои имаат мотивација да градат сопствена мрежа. Ете затоа е многу важно да продолжувате да одделувате приближно еднакво време на секоја од трите категории. Тоа се нарекува **баланс** на активностите и е многу решавачки фактор за вашиот успех.

Како што веќе споменавме, и трите категории се резултатно-ориентирани. Или со други зборови, директно допринесуваат за растење на вашиот бизнис со ФЛП и соодветно на бонусите и профитот од него. Сите останати активности не се поврзани со раст. Внимавајте да не западнете во активности со кои си го губите времето. Не го мешајте правењето на нешто со постигнувањето на резултати. Тука влегува и работата, која ја вршите наместо вашите дистрибутери, иако тоа си е нивна задача.

Најдобриот метод за одржување на баланс меѓу резултатно-ориентираните активности е преку една многу проста, но многу ефективна активност, наречена планирање. Пред почетокот на секоја седмица одделете време за да определите по колку часа ќе посветите на секоја од клучните резултатно-ориентирани активности, кои го движат бизнисот во саканата насока. Во седмичниот план треба да има како презентации на производи, исто така и бизнис претставувања, плус не помалку време посветено на работа со дистрибутерите од вашата мрежа, кои исто реализираат производи и спонзорираат за да изградат сопствен бизнис. Предвидувајте приближно еднакви часови за СЕКОЈА од овие активности, за да одржувате БАЛАНС помеѓу нив.

Тука е местото да обрнеме внимание дека клучот кон успехот е цврсто да се придржувате кон планот, и да си оставите и МАЛИ вратички за неочекувано изникнати можности за градење на бизнисот. Ќе се изненадите колку многу ќе нарасне обемот по само неколку седмици стриктно следење на вашиот план. Ваквата тенденција ќе трае, ако продолжите да го усовршите планирањето и не им дозволувате на непродуктивните активности да се вовлечат во одреденото време за бизнис.

Чудно е тоа што така едноставен принцип како планирањето може да ви донесе толку солидни печалби, но е факт! Генијалните решенија не секогаш се најсложените, туку спротивното. Можете да сметате на тоа!

Засекогаш Ваши и..
насмевнати ☺,
Стефан и Тања Стаеви





# Слобода на движење со Forever Freedom

Дали сакате да сте слободни да правите работи кои ги сакате и да бидете полни со енергија? Форевер Ливинг во својот најпопуларен производ- Aloe Vera Gel додаде корисни состојки за поддршка на зглобовите и ги дополни со природниот вкус на портокал за ви го даде **Forever Freedom**! Дајте им поддршка на вашите зглобови додека го прочистувате вашиот дигестивен систем со Forever Freedom (код #196).

**Forever Freedom** е мешавина од **глукозамин сулфат** и **хондроитин сулфат**, два природни елемента во телото кои помагаат за одржување на здрава функција на зглобовите и подвижност. Глукозаминот е клучна состојка за здравјето на ‘рскавицата. Хондроитинот ѝ дава еластичност на ‘рскавицата која ѝ е потребна за да ја извршува својата функција. Глукозаминот и хондроитинот работат во тандем за да ги поддржат и подмачкуваат зглобовите во вашето тело.

**Forever Freedom** ви нуди 1500 мг глукозамин сулфат и 1200 мг хондроитин сулфат (со дополнителен бонус од 750 мг **MCM**, кратенка за метил-сулфонил-метан), плус 250 мг витамин Ц во доза од 125 мл. MCM е органско соединение на сулфур кое го има во телото, исто како и другите сулфурни соединенија кои се потребни за градење и одржување на здрави зглобови. **Витамин Ц** помага во создавање на силна ‘рскавица и е докажан антиоксиданс во телото.

**Forever Freedom** ви дава можност да го одржувате вашето тело и ви овозможува слобода на движење која ја заслужувате-затоа испијте ја вашата потребна доза и уживајте во секоја голтка од вкусот на портокалот! Правете ги работите што ги сакате и вашата енергија ќе биде заразна... можеби ќе треба да го споделите вашиот извор на енергија со луѓето околу вас. Денес превземете ја грижата со **Forever Freedom** за здравјето на вашите зглобови. И не заборавајте го **Forever Freedom2Go (**код #306**)**-ги содржи сите здрави бенефиции, воедно додадена е и антиоксидантната моќ и прекрасниот егзотичен вкус на калинката. Колку прекрасен начин да имате можност насекаде и во секое време да уживате во бенефициите на слободата-грабнете кесичка и започнете го денот со Freedom2Go!

**Лесно и внимателно: Вежби кои нема да ги вознемират Вашите зглобови**

Математиката е едноставна: 453 грама масти е приближно еднакво на 3.500 калории. За да се изгубат 453 грама масти неделно, мора да се создаде дефицит од 500 калории дневно. Постојат два начина да се достигне таа цел, а тие работаат взаемно; внесувајте помалку и трошете повеќе калории. За да ги намалите калориите во вашата исхрана, намалете ги порциите за 10%, а тоа значи 10% помалку храна во вашата чинија, пијте 10% помалку газирани пијалоци, ставајте 10% помалку млеко во вашето кафе. За да согорите повеќе калории можете да направите едноставен пристап, намалете го пасивниот дел од денот и применувајте 10% повеќе вежби и физички активности.

За оние кои подолго време не практикувале вежби, самата помисла за „вежби“ предизвикува страв и тоа со добра причина. Доколку нагло започнете со ригорозни вежби тоа може да доведе до повреди, особено на зглобовите. Исто како што е од голема корист полека да се намалува внесувањето на калориите, подеднакво важно е внимателно и постепено да се вметнуваат вежбите во вашето секојдневие. Постојат неколку видови на вежби кои не само што се лесни за зглобовите, туку истите можат да го подобрат и нивното здравје. Потрудете се да додадете една од овие пријателски вежби за зглобовите во вашата дневна рутина и тоа само 10% од вашето време.

**Одење:** Ова е социјална и релаксирачка активност која го подобрува здравјето на скелетниот систем и здравјето на зглобовите. Одберете ја вашата омилена маршута, започнете со одење и постепено зголемувајте го времето на прошетка.

**Пливање:** Доколку во вашето место на живеење има локален базен, практикувајте ја оваа активност.

**Возење велосипед**: Потрудете се да возите во вашето маало или пак можете да возите велосипед во некоја локална теретана. Возењето велосипед ви овозможува да ги изградите мускулите без да ги оптоварувате зглобовите, воедно вашето срце и бели дробови ќе имаат корист.

**Вежби за слабеење:** Ако се прават вежби каде се напрегнува телото, тоа ќе ја зголеми флексибилноста на зглобовите, ќе ја зголеми густината на коските и ќе го подобри метаболизмот.

**Јога**: Тоа е еден од најдобрите начини за одржување на здрави зглобови затоа што ги истегнувате мускулите и масирате тетивите и лигаментите.












# Новиот и подобрен Forever Calcium

*Forever Calcium ви нуди максимална поддршка за комплетно здрав скелетен систем. Како одминуваат годините, така се намалува нашата способност за апсорбирање на калциумот. За да се спротивставиме на овој тренд, тука е новата и подобрена формула на* ***Forever Calcium*** *за чија изработка се користи супериорна форма на калциум и други патентирани минерали со високо квалитетни особини кои ќе ви обезбедат максимална апсорпција и биодостапност. Forever Calcium помага да се чувствувате посигурни, бидејќи се потпирате на најквалитетни состојки за поддршка на вашето здравје.*

Науката покажа дека како што стареeме нашата способност да го апсорбираме калциумот се намалува. Всушност некои извештаи укажуваат на тоа дека нашата способност да го апсорбираме калциумот од нашата исхрана опаѓа за 60% од периодот на детството до зрелоста. Што може да направите за одржување на здрави коски и заби? Новиот и подобрен ***Forever Calcium*** ја обезбедува потребната количина на **калциум, магнезиум, цинк, манган, бакар** и **витамините Ц** и **Д** за да помогне во одржувањето на соодветна коскена структура и нејзината функција. Вие секојдневно зависите од силата на вашето тело и тоа започнува одвнатре кон надвор.



Новата форма на калциум, дикалциум малат, е најефикасен за поддржување на оптимална коскена структура, бидејќи тој останува во крвта подолго време. Покрај тоа, нашата супериорна мешавина од минерали е со поголема моќ на апсорбција од нашата претходна формула.

Покрај лесно апсорбливите калциум и магнезиум, новиот и унапреден Forever Calcium ги содржи микроелементите цинк, бакар и манган. Цинкот е многу важен за растот. Манганот и бакарот се важни за имуниот систем и за комуникацијата помеѓу клетките.

Forever Calcium содржи двојна количина на витамин Д поради оптимална апсорпција на калциумот. Forever Calcium содржи холекалциферол облик на витамин Д кој заедно со витаминот Ц го зајакнуваат вашиот имунитет и ги даваат најважните хранливи состојки за структурата на колагенот, коските и ‘рскавицата.

За многумина од вас, таблетата од претходниот калциум на Форевер беше преголема. Ги сослушавме поплаките и сега Forever Calcium е помала таблета со заоблен облик, така да лесно се голта.

*Новиот и подобрен* ***Forever Calcium (#206)***

- *Обезбедува калциум, магнезиум, цинк, манган, бакар и витамините Ц и Д*
- *Обезбедува максимална апсорпција и биодостапност*

## Алое ден во Кочани 20.08.2013













## Алое ден во Свети Николе 16.08.2013













# Маркетинг обука со Ролф Кип во Нови Сад

## 24.08.2013














































## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

**ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА И НА ТЕРИТОРИЈА НА СКОПЈЕ (ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ) ЗА САМО 100 ДЕНАРИ !**

## НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!

**ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА**

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

### Квалификации за август 2013

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Слаѓана Маџова
2. Славица Донакова
3. Николина Ѓорѓиева
4. Вера Златковска
5. Др.Роза Гелевска
6. Валентина Крмова
7. Др.Снежана Контра
8. Слафко Михајловски
9. Катерина Трајчевска
10. Елена Патриклиска

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Славица Донакова
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Слаѓана Маџова
5. Др.Роза Гелевска
6. Катерина Трајчевска
7. Др.Снежана Контра
8. Вера Златковска
9. Николина Ѓоѓиева
10. Валентина Крмова

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## Квалификации за август 2013

**Асистент Супервизори**

1. Арсови Виолета и Гоце - Кочани
2. Аврамовска Веселка - Кавадарци
3. Бибовска Андроники - Скопје
4. Богоевска Симона - Скопје
5. Зорзиќ Ирена и Ѓорѓи - Неготино
6. Илиеви Наташа и Тони - Кочани
7. Ивановски Богданка и Мирко - Скопје
8. Јанкоски Надица и Дончо - Гостивар
9. Кировска - Богатинова Ирена и Кировски Марјан - Свети Николе
10. Костадиновска Мартина - Свети Николе
11. Муминовиќ Амра - Скопје
12. Пенева Снежана - Кочани
13. Пешевска Моника - Куманово
14. Петковска Зорица - Куманово
15. Поленаковиќ Радмил и Лилјана - Скопје
16. Фидановски Христина и Ристе - Скопје
17. Христовска Марија - Свети Николе
18. Крстиќ Госпава и Мирко - Власотинце, Србија

## *SUCCESS DAY*

**28.09.2013, Скопје**

**Хотел „Порта“, почеток: 19 часот**

***Ве очекуваме!***

## *Маркетинг обука*

**20.10.2013, Штип**

*Сала во простории на **Канал 77- 11:00***

**Предавач-Стефан Стаев, Country Manager**

**Почнувајќи од 1.09.2013, сé до исцрпување на количините, за секоја ваша порачка во вредност поголема од 4000 денари, добивате купон за Новогодишната лотарија. Наградите ќе бидат доделени на Новогодишниот SUCCESS DAY кој ќе се одржи во декември во Холидеј Ин. Само приложените купони во моментот на извлекувањето се наградни.**

